Пишува:
Александар КЕЛТАНОСКИ



# BRABUS SLR MCLAREN ROADSTER

McLaren SLR е еден од ретките автомобили на кои не им се потребни модификации, но овој факт не ги запре инженерите од Vrabus да ги подобрат перформансите до ниво над еден суперавтомобил. За да се минимизира подигнувањето на предната оска при забрзување, дизајнерите развиле преден спојлер, кој се прикачува на веќе постојниот сериски браник. Спојлерот е направен од карбон-фибер, а неговата форма е создадена во воздушен тунел. Аналогно на предниот спојлер, соодветен дифузер одзади кој создава ефект на вентуриева цевка и му овозможува на автомобилот да врши дополнителен потисок врз подлогата, може да се добие како опција. Автомобилот е поставен на лесанометалните бандажи Brabus Monoblock VI, со дијаметар од 20 инчи. Тркалата се обуени во гуми од Pirelli или од Yokohama, кои напред мерат 255 милиметри во широчина, а назад дури 305 милиметри. Тјунингот на познатиот 5,5 литарски мотор со механички компресор е составен од специјални брегасти вратила, систем за ладење на горивото и издув со зголемен проток за повисоки перформанси. Снагата на овој компресорски V8 е зголемена за 24 кс, кој сега остварува здрави 650 коњи при 6.500 вртежи во минута. Barbus за својот SLR, исто така, нуди специјален самоблокирачки диференцијал, кој му помага да се катапултира за 3,6 секунди до 100 км/ч и да достигне максимални 337 км/ч.






# SUZUKI A-STAR





На претстојниот Auto Expo во Њу Делхи, "Suzuki" ќе го претстави концептот A-Star. Градски автомобил со акцент на екологијата и удобноста. A-Star е автомобил со пет врати, а неговиот нов 1,0 литарски бензински мотор, кој ги задоволува најстрогите Euro 5 стандарди, ќе создава значително помала емисија на издувни гасови отколку оние на европската конкуренција. Моделот ќе се произведува во фабриката на "Suzuki" во Индија, а пласманот на поголемиот дел од производството е предвиден за европските држави. Почетокот на производството е планиран за октомври 2008 година.

## "RENAULT-NISSAN" И "CHRYSLER" ЌЕ СОРАБОТУВААТ

Извршниот директор на "Renault-Nissan", Карлос Гон, не запира. По најавата дека планира да формира алијанса со некои од американските производители тргна во нејзино остварување. Последна вест е дека договор за соработка меѓу "Renault-Nissan" и "Chrysler" е на повидок. Тука не станува збор за соработка во која производителите ќе разменуваат цели возила, за мотори, менувачи и останати механички компоненти и да не зборуваме. Интересно е што "Renault-Nissan" и "Chrysler" веќе имаат слични договори со останатите производители. Еден пример за вакво нешто е договорот меѓу "Nissan" и "Suzuki" за снабдување на нов пикап поточно моделот Nissan Navara, кој ќе се продава и под знакот на "Suzuki". Во меѓувреме "Chrysler" ги снабдува со делови останатите производители, како што се, "Hyundai", "Mitsubishi" и "Volkswagen".


ПЗУ СТОМАТОЛОШКА ОРДИНАЦИЈА

**ДЕНТА НОВА**

- пломбирање
- лечење
- вадење
- протетика
- ортодонција
- имплантологија



Њу Делхиска 4
локал 11 , Скопје
+389 75 577 600
+389 75 471 947
denta_nova@yahoo.com

SO OVOJ KUPON IMATE 20 % POPUST
ZA STOMA TOLO[KI USLUGI VO
ORDINACIJATA "DENTA NOVA "